### НОВ ПРЕДИЗВИК НА СКУЛПТОРОТ БОРО МИТРИЌЕСКИ

# Одамна сакав да го направам Александар

**■ Скулптурата на Александар ја правев за себе, ама ќе ми биде мило да ја видам на некој плоштад, вели Митриќески**

Весна Дамчевска

Еминентниот македонски скулптор Боро Митриќески деновиве во ателјето во МАНУ го завршува своето најново дело - скулптурата на Александар Македонски со неговата свита. Во досегашниот извонредно богат скулпторски опус на Митриќески може да се најдат повеќе портрети и фигури на значајни историски имиња од македонското минато: Кирил и Методиј, Марко Цепенков, Григор Прличев, царот Самуил, но ова е прва негова претстава на големиот македонски освојувач Александар Македонски.


Чест е да се има ваков човек во својата историја, а токму ние најмалку сме сториле за него - вели Митриќески

- Моја дамнешна желба е да го работам ликот на Александар, но дури зимава, некако ослободен од сите грижи во врска со изложбите, сериозно се зафатив со таа идеја. Прво, направив коњаник како споменично обележје по чиј терк мислев да ја работам скулптурата на Александар како коњаник. Потоа дојдов на идеја дека делото многу подобро би изгледало композициски ако Александар го поставам во друштво со неговата свита од девет коњаници. Ваквата композиција има специфична тежина при вајањето, но крајниот резултат излезе навистина добро - вели Митриќески.

Тајната на новото дело на Митриќески е во вештината да ги претстави деветте коњаници со различен израз на лицето, во различна положба на телото и во движење, и покрај релативно малите димензии на скулптурата (1,20 м на 50 см). Коњаниците цврсто ги држат уздите за да не излезат пред императорот и тоа вистински може да се забележи во делото. Свитата на Александар, вели Митриќески, не е во битка, таа е на некаква парада, на прошетка.

- Ќе ја направам оваа скулптура и во дрво, за мене лично. Мислам дека овие димензии на делото се идеални за обликување во дрво, што е нова креација и нов предизвик. Би сакал да ја излеам и во бронза, ама за тоа во моментов не сум финансиски подготвен - вели Митриќески.

Според него, Александар Македонски ги надминал границите на овие простори и станал светска историска личност, поради што е голем цивилизациски чин да се има неговата биста во домашната уметничка ризница.

- Да живееме сега во некој богат свет, навистина би се ценел напорот да се изработи скулптура на личност како Александар. Чест е да се има ваков човек во својата историја, а токму ние најмалку сме сториле за него - вели Митриќески, додавајќи дека делото го работел со особена љубов и страст.

Скулптурата, како што вели авторот, го чини само труд и знаење.

- Ја правев за себе, но не можам да кажам дека нема да ми биде мило ако во поголеми димензии си најде место на некој плоштад - вели Митриќески. ❑